ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-148/10**

**Дата: 17.10.2011**

ДО
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа Природонаучен музеј на Македонија - Скопје (во натамошниот текст НУ Природонаучен музеј на Македонија) на сметката на буџет од самофинансирачки активности, за 2010 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата не утврдивме материјално погрешни прикажувања кои би имале ефекти врз финансиските извештаи поради што ние изразивме позитивно мислење во врска со реалноста и објективност на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2010 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Љубенка Георгиевска, вд директор до 31.08.2010 година, и
- Исмет Мехмети, директор од 31.08.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на

овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.07.2011 до 28.07.2011 година кај НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 17.08.2011 година.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ Природнонаучен музеј на Македонија, Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согланост со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 4. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

Во текот на ревизијата се спроведени корекции во Билансот на состојба на ден 31.12.2010 поради несоодветно евидентирани побарувања за дадени аванси и пренесен вишок на приходи од претходна година кои имаат за ефект зголемување на активата и пасивата за две илјади денари.
Корекциите се спроведени во налозите за книжење бр. 5/001 од 01.01.2011 год. и бр. 5/004 од 07.07.2011 год.

Скопје, 07.10.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 245 | 318 |
| Капитални приходи | 0 | 89 |
| Трансфери и донации | 19 | 61 |
| **Вкупно приходи** | **264** | **468** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 181 | 294 |
| Субвенции и трансфери | 9 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **190** | **294** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 55 | 155 |
| **Вкупно капитални расходи** | **55** | **155** |
| **Вкупно расходи** | **245** | **449** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **19** | **19** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 1 | 2 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **18** | **17** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 19 | 22 |
| Побарувања | 3 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 2 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 51 | 12 |
| Залихи | 46 | 46 |
| **Вкупно тековни средства** | **121** | **81** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 189 | 160 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 10 | 10 |
| **Вкупно постојани средства** | **199** | **170** |
| **Вкупна актива** | **320** | **251** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 42 | 11 |
| Обврски спрема државата и други институции | 5 | 1 |
| Пасивни временски разграничувања | 24 | 21 |
| **Вкупно тековни обврски** | **75** | **33** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 245 | 218 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **245** | **218** |
| **Вкупна пасива** | **320** | **251** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на | Вкупно |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | 172 | 46 | 218 |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | 66 | - | 66 |
| Набавки | 55 | - | 55 |
| Ревалоризација на капитални средства | 12 | - | 12 |
| Корекција од ревизија за погрешно евидентиран приход од 2009 година | (1) | | |
| **Намалување по основ на:** | 39 | - | 39 |
| Амортизација | 38 | - | 38 |
| Расход од 2009 година | 1 | | |
| **Состојба 31.12.2010 година** | 199 | 46 | 245 |